08-2128/52
16-11-2022

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 77-та седница одржана на 14.11.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ____________________, поранешен заменик министер за ________________ СЕ ЗАПИРА.

ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-2128/1 од 29.03.2019 година бидејќи по истиот постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 08-2128/1 од 29.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-2128/1 од 29.03.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотната состојба и интересите на ________________, поранешен заменик министер за ________________ и членовите на неговото семејство.

ДКСК, за именуваниот од Министерството за внатрешни работи побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.

Од страна на МВР беа доставени бараните податоци.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на ________________ и членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија како и од банките и штедилниците во Република Северна Македонија.

ДКСК исто така, со допис број 08-2128/50 од 04.12.2019 година, побара од Управата за финансиска полиција, во рамките на своите законски надлежности да изврши проверка на лицето ____________________ и членовите на неговото семејство.

Управата за финансиска полиција со допис број 11-954/6 (41) од 02.11.2021 година, ја извести ДКСК дека од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција до Управата за финансиска полиција доставено е известување бр. 11-954/5 од 27.09.2021 година, во кое ја известува дека од страна на истото донесена е јавнообвинителска одлука дека нема место за понатамошно јавнообвинителско постапување.

Од горенаведеното, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk